# ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ НА ВОЗНЕМИРУВАНОТО ЛИЦЕ

## Кои се правата на вознемируваното лице?

Вознемируваното лице има право:

- да поведе постапка за заштита од вознемирување, без страв од потсмев, од одмазда или да биде обвинето;
- во постапката за посредување може да учествува и претставник/чка на синдикатот во кој членувате, односно претставник/чка на вработените;
- се гарантира фер и непристрасна постапка;
- да биде информирано за резултатите од постапката и за елементите кои се поврзани со постапката, но и за мерките кои ќе бидат преземени.

**Вие сте одговорни:**

- да информирате во најкус можен рок за вашето несогласување или за чувството на непријатност од постапките на лицето или за неговото/нејзиното однесување кон вас;
- доколку имате потреба да побарате помош или насоки како најдобро да постапите, најдобро е да соработувате со лицето коешто е одговорно за спроведување на постапката.